**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА БОГДАНЦИ**
**Број: 11-151/1**
**од 27.01.2021 год.**

*Одделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина*

Врз основа на член 38 став 5 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ, бр. 32/20), Градоначалникот на Општината Богданци го донесува следното:

## РЕШЕНИЕ
### *за формирање на комисија за урбанизам*

**Член 1**

Се формира Комисија за урбанизам, составена од три члена од кои двајца членови се носители на овластување за изработка на урбанистички планови, а еден член е со професионално искуство од обласата на водење на постапки за изработување, донесување и спроведување на урбанистички планови, при што најмалку еден член треба да не е вработен во општинската администрација.

**Член 2**

Во комисијата од членот 1 на ова решение се именуваат:

1. Соња Маџирова, диа (претседател), овластување за изработка на урбанистички планови бр.411, вработена во општина Богданци
2. Ана Чугунцалиева, диа (член), овластување за изработка на урбанистички планови бр .188,
3. Ивана Баламовска Илиева, диа (член), овластување за изработка на урбанистички планови бр.547,

**Член 3**

Се задолжува лицето Соња Маџирова, диа да ја организира работата на комисијата преку системот е-урбанизам.мк.

**Член 4**

Комисијата за урбанизам постапува по поднесените иницијативи согласно членот 39 од Законот за урбанистичко планирање, ја врши анализата од членот 22 од истиот закон, ја предлага планската програма за урбанистичките планови од членот 44 од истиот закон, ја организира стручната расправа од членот 49 од истиот закон, јавната анкета и јавната презентација од членот 50 од истиот закон, дава стручно мислење за нацрт и предлог на урбанистичките планови за кои се води постапка за донесување односно проверува дали со планските решенија се исполнети барањата од планската програма, проверува дали изработувачот на планот ги вградил забелешките од стручната расправа односно од јавната анкета, дава мислење за техничка исправка на урбанистички план од членот 36 од истиот закон, учествува во работата на партиципативното тело од членот 46 од истиот закон и учествува во постапките за одобрување на урбанистички проекти од членовите 62 и 63 од истиот закон и го подготвува извештајот за состојбите во просторот од членот 66 од истиот закон.

**Член 5**

Комисијата е должна за извршениот увид на документацијата да состави записник или предлог и истиот да го достави до овој орган.

**Член 6**

На членовите на комисијата им следува надоместок за учеството во работата на комисијата, кој се обезбедува буџетот на општината или од страна на заинтересирани правни и физички лица чиишто програмски барања и подрачја на интерес се прифатливи за општината.

**Член 7**

Надоместокот од членот бр 6, се одредува врз основа на бројот на одржани седници и бројот на прегледани планскi програми, проектни програми, урбанистички планови и урбанистички проекти.

**Член 8**

Решението за формирање на комисија за урбанизам бр 11-848/1 од 04.06.2020г. донесено од Градоначалникот на Општина Богданци е во важност се додека се применуваат преодните одредби од Законот за урбанистичко планирање.

**Член 9**

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

***Доставено до:***

- Барател
- Членовите и замениците на членовите на комисијата (3)
- Архива

Изработил
Соња Маџирова, диа.

**Градоначалник на Општина Богданци**
**Блаже Шапов**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Градоначалник
ОПШТИНА БОГДАНЦИ